# Извештај за процесот на утврдување на предлог концептите на Источен плански регион за финансирање преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

## „Регионални форуми во заедницата”
## поддржани преку проектот
## „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“

Експерт Денис Жерновски

Април 2022

# Содржина

Резиме........ 3

Прва Форумска сесија – Идентификувани клучни проблеми и препораки........ 5

Идентификација на концепт на предлог – проекти........ 5

Состаноци со градоначалници........ 5

Предлог концепти........ 5

Селекција на предлог концептите - Совет на градоначалници........ 6

Втора Форумска сесија – приоретизација на концепт решенијата........ 6

Анализи........ 7

**Дефинирање на листа на предлог проекти -Совет на регионот одлука за предлог проекти кои ќе се аплицираат**........ 8

# Резиме

Согласно Договорот за услуги за подготовка на концепт решенија за предлог проекти и пополнување на Формулар за аплицирање склучен во рамки на проектот „Регионални форуми во заедницата" на почетокот на март 2022 година, започнато е со имплементирање на активностите предвидени со проектната задача во однос на подготовка на предлог проекти кои би се финансирале во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

Во рамките на договорните активности, идентификувани се 17 предлог проекти, од кои врз основа на дефинирани критериуми за пред-селекција (готовност за реализација (зрелост), регионален карактер и буџет) дефинирани се 11 концепти на предлог проекти. Од нив, 7 (седум) концепти беа избрани од страна на Советот за развој на Источен плански регион на V-тата редовна Седница, со тоа што два концепти беа споени во еден предлог проект, вкупно 6 (шест) предлог-концепти. Селектираните концепти беа презентирани во рамките на II-та форумска сесија.

За сите селектирани концепти беше подготвена анализа од повеќе аспекти и истите беа приоретизирани врз основа на најдобра вредност за вложените средства. Предложениот редослед, со една мала измена во однос на редоследот (проектот „Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза" е поставен како приоритетен), беше прифатен од страна на Советот за развој на Источен плански регион на VI-тата редовна Седница и се усвои конечната Годишната листа на предлог проекти кои ќе бидат аплицирани за финансирање во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

Приоритетната годишна листа за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година се утврди со следниот редослед:

1. Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза;
2. Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква;
3. Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион - Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село;
4. Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река;

5. Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница;
6. Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци – II фаза.

За усвоените предлог-проекти подготвени се Формуларите за аплицирање и со целокупната документација ќе бидат поднесени за аплицирање од Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година во Бирото за регионален развој на 3 мај 2022 година.

# Прва Форумска сесија – Идентификувани клучни проблеми и препораки

Првата форумска сесија во рамките на Програмата „Регионални форуми во заедницата“ во Источниот плански регион се одржа на 11.03.2022 година. Од страна на работните маси беа идентификувани и презентирани клучни проблеми и препораки врз основа на кои треба да бидат идентификувани концепт решенија за предлог-проекти кои ќе аплицирани за финансирање во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

# Идентификација на концепт на предлог – проекти

## Состаноци со градоначалници

Со цел идентификација на предлог проекти согласно проблемите и препораките кои беа идентификувани во текот на првата форумска серија, се одржаа состаноци со градоначалниците и/или претставниците на секоја од општините во Источниот плански регион. Состаноците се одржаа во периодот 14-15.04.2022 година.

На состаноците беа претставени предлог проектите за кои постои основна документација, односно оние проекти кои се спремни за имплементација.

Во текот на состаноците беа идентификувани вкупно 17 проекти.

## Предлог концепти

После одржаните состаноци и идентификуваните предлог проекти се пристапи кон пред-селекција на предлог проектите и тоа врз основа на следните критериуми:

- Готовност за реализација (зрелост)
- Регионален карактер
- Буџет

Беа селектирани следните 11 концепти на предлог проекти:

1. Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна Река – II фаза
2. Електрично осветлување на археолошкиот локалитет „Баргала”
3. Поплочување на улица во автентичен стил штипско Ново Село
4. Уредување на СРТЦ ПОНИКВА
5. Изградба на канали за наводнување, одводнување и каскади на река Зрновка

6. Проширување на капацитетите на Дом за стари лица Берово
7. Реконструкција на седишта на стадион и изградба на тартан патека во Македонска Каменица
8. Реконструкција на Дом на култура „Тошо Арсов" – Виница (Сина сала)
9. Фекална канализција за туристички локалитет Голак, општина Делчево
10. Заштита на животната средина преку изградба на фекална канализација во с. Соколарци - II фаза
11. Инфраструктура во Индустриска зона Облешево

### Селекција на предлог концептите - Совет на градоначалници

На V-тата седница на Советот за развој на Источен плански регион од страна на експертот беа презентирани идентификуваните концепти на предлог проекти. По завршување на презентацијата, беа усвоени 6 концепти кои влегоа во втората фаза на селекција на предлог проекти за финансирање преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година. Два концепти, беа споени во еден концепт.

Следните концепти беа усвоени:

1. Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион - Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село;
2. Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза;
3. Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква;
4. Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река;
5. Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница;
6. Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци – II фаза.

## Втора Форумска сесија – приоретизација на концепт решенијата

На 19.04.2022 година се одржа Втората форумска сесија на која се информираа присутните за процесот на работа помеѓу сесиите, се презентираа и дискутираа концепт решенијата и се дадоа препораки во однос на подобрување на концепт решенијата кои се предложени за финансирање во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

# Анализи

Со цел согледување на изводливоста на секој предлог проект, како и согледување на најдобра вредност за вложени средства, дефинираните концепти за предлог проектите беа анализирани по претходно дефинирани критериуми и тоа:

- Спремност на проектот за имплементација
- Анализа (проценка)
    - Финансиски придобивки
        - Директни финансиски придобивки
        - Индиректни финансиски придобивки
    - Економски придобивки
    - Социјални придобивки
    - Животна средина
    - Најдобра вредност за вложени средства (1.000.000,00 денари)

Со цел дефинирање на вредноста на вложените средства беше подготвена табела за бодување на секој од претходно споменатите критериуми.

| Корисност | Максимум | Оценка |
|---|---|---|
| • Директни финансиски придобивки | 15 | |
| • Индиректни финансиски придобивки | 10 | |
| • Економски придобивки | 25 | |
| • Социјални придобивки | 25 | |
| • Животна средина | 25 | |
| **Вкупно бодови** | 100 | |

Вредноста на секој предлог проект се дефинираше на еден милион вложени денари, по следната формула ***Вкупен број на бодови / Проценет буџет во денари во милион денари.***

Врз основа на извршените анализа добиени се следните резултати:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква | 6,25 |
| 2 | Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река | 5,51 |
| 3 | Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза | 4,17 |
| 4 | Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион – Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село | 3,88 |
| 5 | Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница | 3,24 |
| 6 | Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци II фаза | 2,24 |

## Дефинирање на листа на предлог проекти - Совет на регионот одлука за предлог проекти кои ќе се аплицираат

На VI-тата Седница на Советот за развој на Источен плански регион, резултатите од извршените анализи на предложените концепти на предлог проектите беа презентирани пред градоначалниците кои беа присутни на седницата. По завршување на презентацијата беше донесена Одлука за утврдување на Годишната листа на предлог проектите кои ќе бидат поднесени за финансирање во рамките на Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година.

Следните предлог проекти ќе бидат аплицирани за финансирање:

- Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река – II фаза;
- Подобрување на условите за развој на планинско-рекреативен туризам - Уредување на СРЦ Пониква;
- Подобрување на туристичката сигнализација и инфраструктура во Источен плански регион - Електрификација, оградување и поставување на туристичка сигнализација на археолошки локалитет Баргала и Поплочување на улица во автентичен стил во населба Ново Село;

- Подобрување на состојбата со каналите за наводнување и одводнување и каскади на Зрновска река;
- Подобрување на условите за развој на манифестациски туризам - Реконструкција на Сина сала при Дом на култура Тошо Арсов – Виница;
- Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци – II фаза.

За сите предлог проекти се подготвија Формулари за аплицирање.